РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 951/2
09-03-2021 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP



Врз основа на член 22 став 1 в.в член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 46 та седница одржана на ден 12.02.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**

**Се констатира состојба на судир на интереси, кај лицето ------- ------** – министер _______________, затоа што по именување на наведената функција, управувањето со својата приватна фирма го доверил на блиско лице, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Согласно член 114 став 3 в.в член 45 став 1, казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, да се поведе постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог против службеното лице ____________, министер _________________________, поради тоа што управувањето со трговското друштво ДПТУ ______________ го доверил на блиско лице.

**Образложение**

Предметот со број 09-951/1 од 01.03.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјавите за интереси поднесена од ------- -------, министер за земјоделство, шумарство водостопанство, поради тоа што по именување на наведената функција, управувањето со својата приватна фирма ДПТУ _________________, го доверил на блиско лице, односно на неговиот син, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Имено, согласно наведениот член:

*(1) Лице кое стапува на функција на избрано или **именувано** лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, **доколку управува со трговско друштво** или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, **освен на членови на неговото семејство**, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.*

По проверка во Дистрибутивен систем на Централен Регистар на Република Северна Македонија на ден 12.02.2021 година е утврдено дека наведеното лице по изборот на функцијата министер за земјоделство, шумарство водостопанство, го променил управувањето на својата фирма и истото го доверил на неговиот син, односно на блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оваа Одлука се доставува до службеното лице ------- --------, министер за земјоделство, шумарство водостопанство со која му се укажува на неопходноста да го отстрани судирот на интереси, односно управувањето со трговско друштво ДПТУ _________________ да го довери на друго лице или тело, **освен на членовите на неговото семејство.**

Службеното лице потребно е да ја извести ДКСК со приложување на доказ за постапувањето **во рок од 15 дена** од доставување на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Б.Џ –советник
Одобрил: Ш.С-член на ДКСК